**Известување за концентрација со која Алвин Интернатионал АГ, Швајцарија ќе стекне индиректна самостојна контрола над СидеПризе ЛЛЦ, САД**

**(предмет бр. 08-150 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 208/24 и 16/25), на ден 21.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Алвин Интернатионал АГ со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија ќе се стекне со индиректна самостојна контрола над СидеПризе ЛЛЦ со регистирано седиште на деловното работење на 1055 Ховел Милл Роуд, Апартман 1400, Атлантна, Џорџија 30318 САД, преку стекнување на удели.

- **Алвин Интернатионал АГ** е холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри на среќа и е друштво-мајка на Алвин Групацијата (Allwyn Group). Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и истата крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата (KKCG Group).

ККЦГ Групацијата инвестира во повеќе бизнис области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на работење со терминали за видеолотарија и пазарот на информатичка технологија, и ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

-**КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**, со приоритетна дејност -дејности на коцкање и обложување;

-**Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје**, со приоритетна дејност-дејности на коцкање и обложување;

-**АВЕНГА ДООЕЛ Скопје** (со претходен назив КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје), со приоритетна дејност -компјутерско програмирање;

-**АВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје** (со претходен назив КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје), со приоритетна дејност-друго образование, неспомнато на друго место;

-МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност- компјутерско програмирање.

Релевантен пазар за концентрацијата е пазарот на дневни фантазиски (имагинарни) спортови во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

22.10.2025 година

Скопје